Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-369/5

31-07-2024 година

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен Весник на РСМ" бр. 258/2020 од 30.10.2020), а во врска со претставка бр. 08–369/1 од 11.04.2024 година, поднесена од Синдикат на Македонска Полиција, го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-369/1 од 11.04.2024 година, поднесена од Синдикат на Македонска Полиција **поради ненадлежност.**

## О б р а з л о ж е н и е

На 11.04.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) е доставена претставка од страна на Синдикат на Македонска Полиција заведена под бр. 08-369/1, против [redacted] Министерство за внатрешни работи. Во претставката се наведува дека на одржана обука за начинот на спроведување на дисциплински постапки во периодот од 01-05.04.2024 година, со место на одржување во [redacted] согласно План за активности за 2024 поддршка на идно градење на професионалните капацитети на Одделот за дисциплински и судски постапки во МВР, не биле поканети за учество на обуката претставници од Синдикатот на Македонска Полиција. На реализираната обука подносителот дознал дека биле поканети и учествувале претставници на други синдикати во рамки на МВР. Со тоа подносителот смета дека гореименуваниот помошник министер неодговорно постапил. Дополнително, на 13.05.2024 година, подносителот достави Известување заведено под бр. 08-369/2 до Комисијата, во кое известува за добиени податоци и информации од МВР во однос на начинот на номинација на учесници во обуката, како и информации за истото добиени по извршен инспекциски надзор од Државниот инспекторат за труд. Согласно истакнатото во Известувањето, поканети за учество со свои претставници на обуката биле трите најголеми синдикати по број на членови во МВР, а во согласност со максималниот број на предвидени учесници на обуката. Подносителот со дописи заведени под бр. 08-369/3 и 08-369/4 во уште два наврати достави дополнителни информации во врска со содржината на претставката, според кои од страна на МВР било појаснето дека не ги делеле синдикатите на големи и мали, туку дека побарале од други три синдикати номинација на учесници на обуката поради тоа што нивни членови претходно учествувале и застапувале вработени во МВР во рамки на дисциплински постапки.

Комисијата разгледувајќи ја содржината на претставката утврди дека изнесените факти и околности, всушност не индицираат настан на дискриминација, туку дека истите се однесуваат на меѓусебни односи на работодавач и синдикат, кои се регулираат согласно Законот за работните односи и други прописи од областа на работните односи, како и преку бипартитен социјален дијалог помеѓу истите и кои меѓу другото, се можеби во врска со членство на синдикат, односно репрезентативност на синдикат. Согласно член 215 од Законот за работните односи („Службен весник на РМ“ бр. 3/2006; 3/2006; 44/2006; 65/2006; 16/2007; 57/2007; 77/2007; 106/2008; 161/2008; 63/2009; 114/2009; 130/2009; 149/2009; 10/2010; 50/2010; 52/2010; 58/2010; 124/2010; 132/2010; 47/2011; 11/2012; 39/2012; 13/2013; 25/2013; 170/2013; 187/2013; 106/2014; 113/2014; 20/2015; 33/2015; 72/2015; 129/2015; 27/2016; 134/2016 и 120/2018 и „Службен весник на РСМ“ бр. 110/2019; 267/2020; 151/2021 и 288/2021), споровите во врска со репрезентативност на синдикат се решаваат пред надлежен суд. Дополнително на тоа, колективните работни спорови согласно член 235 од истиот Закон, се решаваат по мирен пат. Следствено, Комисијата одлучи дека конкретната работа не е во нејзина надлежност.

Согласно горенаведеното се одлучи како и во диспозитивот на овој заклучок.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател,
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]
- Архива на Комисијата